


**<u>На 24.01.2012 година се одржа седница на Групацијата на пазари на која се разгледуваше:</u>**

- Анализата на состојбите на пазарите согласно спроведената анкета по разговорите на работната група со министерот за економија г-динот Валон Сарачини од 02.09.2011 година;
- Обновување на догорите со корисниците на тезги на пазарите во услови на се уште не донесен Закон за трговија на мал обем;
- Проблеми со имплементација на “Правилникот за начинот на означување на јајцата наменети за пазар и јајцата наменети за инкубација, ознаките и употребата на ознаките” објавен во Сл.Весник на РМ бр.35/2011 година.

Присутните ги усвоија Записниците од: Одржаната седница на Групацијата на ден 30.06.2011 година; како и од состаноците на работната група со претставници на МВР и пазарна инспекцијана 02.09.2011 година и со министерот за економија г-дин Валон Сарачини на 07.09.2011 година.

**<u>Точка 1</u>**

Претставниците на Групацијата за пазари беа информирани за анкетниот прашалник што беше спроведен меѓу организаторите на пазари ( членки на Групацијата за пазари при Стопанската комора на Македонија ) во септември 2011 година по разговорите со министерот за економија г-дин Валон Сарачини. При тоа и присутните и претставникот на Комората на корисници на тезги г-дин Екрем Власаку констатираа дека бројката на тезги и закупци која официјално беше доставена преку анкетниот прашалник до службата во комората е многу поголема од прикажаната во прашалникот, бидејќи на терен според нивните информации оперираат и до три пати повеќе тезгаџии, од 20.000 до 25.000 тезги во 80тина општини ширум државата. За таа цел беше посочено во следниот период да се изработи заедничка информација со Комората на закупци на тезги и да се обезбедат подетални информации од функционирањето на пазарите во регионот во насока на изнаоѓање начин како да се регулираат односите на тезгаџиите и организаторите на пазарите согласно законските

прописи и со крајна цел, намалување на сивата економија и елиминирање на нелојалната конкуренција.

**Точка 2**

Организаторите на пазарите и Комората на тезгаџии побараа од присутните претставници на министерството за Економија до каде е состојбата со носење на посебен закон за трговија од мал обем кој според нив ќе треба да го реши проблемот со регистрација на закупувачите на тезги согласно законските прописи, а кој впрочем како предлог Закон е изработен уште во јули 2009 година и истиот бил изработен во соработка со Министерството за економија. Директорите на организаторите на пазарите забележуваат дека на терен е неприфатливо актуелното решение според кое закупувачите треба да го регулираат своето постоење согласно законот за трговија што значи да бидат регистрирани или како Трговец поединец или друга форма на правен субјект. За закупувачите на тезги е нереално да работат како правни субјекти на тезгите на пазарите бидејќи прометот на зелените пазари ни оддалеку нема да може да ги покрие нивните трошоци кои ќе произлезат со регистрирање на фирма. Од друга страна, претставниците на организаторите на пазарите посочуваат, дека ако се повлечат тезгаџиите од пазарите, тие ќе престаната да работата односно ќе пропаднат како правни субјекти. За таа цел и се бара решение на овој со години ненадминат проблем. Претставниците на министерството за економија ги информираа присутните дека закон за трговија од мал обем ( како решение за статусот на пазарџиите ) не е предвиден со Акциониот план за намалување на сивата економија за 2012 година иако истиот беше дел од акционите планови за намалување на сивата економија претходните години. Сепак, од Економија посочуваат дека постои интерес за соработка со Групацијата на пазари поради што беше формирана и работна група од 5 пазари (ЈП Пазари – Битола, ЈП пазари – Прилеп, ЈП Градски пазар – Охрид, ЈП дервен – Велес и АД Скопски пазар – Скопје ). Од министерството за економија посочија дека е битно да се направи сеопфатна анализа со искуствата во регионот како би можело потоа да се компарираат работите и да се бара решение согласно законската рамка. Беше договорено, Работаната група наредната недела да оствари средба со надлежните во министерството за Економија.

**Точка 3**

Организаторите на пазарите на состанокот беа информирани и за проблеми со имплементација на "Правилникот за начинот на означување на јајцата наменети за пазар и јајцата наменети за инкубација, ознаките и употребата на ознаките" објавен во Сл. Весник на РМ бр.35/2011 година. Претставникот од Агенцијата за храна и ветеринарство г-дин Трајче Донев ги информираше присутните дека производителите и продавачите на јајца имале доволно преоден рок да се усогласат со законските прописи и да ги набават потребните машини. За таа цел г-дин Донев предупреди дека од Февруари инспекторите на Агенцијата ќе излегуваат на терен и ќе ги казнуваат продавачите на јајца кај кои ќе бидат затечени необележани јајца.

**Точка 4**

Под точката разно, присутните на состанокот беа информирани за новиот приватен пазар во Ресен изграден со приватна инвестиција, кој поради несогласувања со локалната самоуправа во Општината се уште не работи.

На крајот од состанокот се усвоија следните:

**Заклучоци**

1. Да се достави сеопфатна анализа до Министерството за Економија за оправданоста од постоење Закон за трговија од мал обем.

2. За организаторите на пазари, единствено посебен закон ( или пак посебно одредени членови во постојниот закон за трговија ) ќе го реши проблемот со пазарџиите под услов во истиот да бидат опфатени сите дејности односно сите производи кои и сега се продаваат на пазарите.
3. Организаторите на пазари при склучување договори да ги информираат продавачите на јајца дека имаат обврска сите јајца понудени на пазарот да им бидат обележани согласно “Правилникот за начинот на означување на јајцата наменети за пазар и јајцата наменети за инкубација, ознаките и употребата на ознаките” објавен во Сл. Весник на РМ бр.35/2011 година.